Република Северна Македонија
**НОТАР**
**ЉУПКА КАРАЏОВСКА ГЛАВИНЧЕ**
Битола, ул. „Филип Втори Македонски" бр. 13/3
11.08.2025 година
ден единаесетти, месец август, две илјади дваесет и петта година
во 12:00 (дванаесет) часот

**ОДУ бр. 242/2025**
извод

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------**НОТАРСКИ АКТ** ------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, нотар Љупка Караџовска Главинче, со службено седиште во Битола, ул. „Филип Втори Македонски" бр. 13/3, именувана за подрачјето на Основен суд Битола, потврдувам дека на ден единаесетти, месец август, две илјади дваесет и петта година во дванаесет часот, како повикан нотар да присуствува и потврди одлуки на Собрание на акционери на Земјоделски комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, со седиште во Битола, на ул. „Новачки пат" бр. 11, со ЕМБС 4167414 и ЕДБ 4002991112356, закажано за 11.08.2025 година (ден единаесетти, месец август, две илјади дваесет и петта година) со почеток во 12:00 часот (дванаесет часот) во Битола на ул. „Новачки пат" бр. 11, заради преземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријат и член 383 во врска со член 298 од Законот за трговски друштва, го составив следниот: -------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------- **ЗАПИСНИК** ---------------------------------------------------
--------------- **од седница на Годишно СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ на** -----------------
--------------------------------- **ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола** ---------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување со службеното дејствие, утврдив дека: ------------------------------------

**1.** Земјоделски комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, со седиште во Битола, на ул. „Новачки пат" бр. 11, со ЕМБС 4167414 и ЕДБ 4002991112356 е регистрирано при Централниот регистар на Република Северна Македонија во Трговскиот регистар и регистар на други правни лица, видно од Тековна состојба-електронски издаден документ бр. 0805-50/150020250300557 од 11.08.2025 година (прилог А кон овој Нотарски акт) ----------------------------------------------------------

**2.** Согласно Акционерската книга издадена на 08.08.2025 година за Земјоделски комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, добиена пред одржувањето на Собранието (08.08.2025 година, петок во 09:04:51 часот), а која се води под ИСИН: MKZPKO101012 (прилог Б кон овој нотарски акт), утврдив дека издавачот Земјоделски комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола издало, и тоа: по вид- Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 70.21314 EUR, со вкупен број на ХВ 202891, со вкупен номинален капитал 14245614.18774 EUR, со број на гласови 202891, состојба- Активен, со број на иматели 491, со број на сопственички позиции 497. ------------------------------------------------------------------------------------

**3.** Седницата на Собранието е свикана со објавување Јавен повик во дневниот весник НОВА МАКЕДОНИЈА од 10.07.2025 година, на веб страната на ЗК Пелагонија и на веб страната на Македонска берза (каде се објавени и предлог одлуките по точките од дневниот ред) (прилог В кон овој Нотарски акт) со кој се свикува Годишно Собрание на акционери на Земјоделски комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола на 11.08.2025 година, Понеделник, со почеток во 12:00 часот во деловните простории на Друштвото, на ул. „Новачки пат" бр. 11, Битола, и во чиј состав е следниот: -------------------------------------------------

---------------------------------------------- **ДНЕВЕН РЕД** ------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Процедурален дел:** ---------------------------------------------------------------------------------

1. Отворање на Собранието на акционери --------------------------------------------------------
2. Констатирање на кворум за работа на Собранието ------------------------------------------
3. Избор на работни тела: ----------------------------------------------------------------------------
3.1. Избор на претседавач на Собранието --------------------------------------------------------
3.2. Избор на 2 (два) бројачи на гласови.-------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Работен дел:** ----------------------------------------------------------------------------------------------
Усвојување на Записникот од седницата на Годишното Собрание на акционери одржано на ден 30.07.2024 година. ----------------------------------------------------------------
1. Годишен извештај за работата на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување ---------------------------------------------------------------------------------------------------
2. Годишна сметка и финансиски извештаи на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување ---------------------------------------------------------------------
3. Консолидиран годишен извештај за работата на групата Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување -------------------------------------------------------------------------
4. Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на групата Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување ---------------------------------
5. Извештај за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување -------
6.Извештај за извршената ревизија на Консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година од овластен ревизор, со Предлог- одлука за усвојување ----
7. Извештај за работата на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола и одлучување за одобрување на работата на истиот за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување ---
8. Предлог- Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за 2024 година ------------------------------------------------------------------------------------------------
9. Донесување одлука за назначување на ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за 2025 година, со Предлог- одлука за усвојување ---------------------
10. Предлог- одлука за стекнување сопствени акции -------------------------------------------
11. Предлог- одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции ----------------------
12. Предлог- одлука за реизбор и продолжување на мандатот на членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола и ------
13. Предлог- одлука за отповикување и избор на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола. -------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Седницата на Собранието** започна во 12:00 часот (дванаесет часот). Истата **ја отвори** г-дин Петар Бакиевски, полномошник на акционерот Кирил Дудески од Скопје, која наведе дека му претставува чест и задоволство да ја отвори денешната седница на Собрание на акционери на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола, а во својство на претседавач на претходната седница на Собранието на Акционери на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола. Ги поздрави присутните акционери, нивните полномошници, членовите на менаџментот, нотарот и останатите присутни. Наведе дека, во својство на претседавач на претходната седница на Собранието на Акционери на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола, согласно член 395 став 3 од Законот за трговски друштва, функцијата претседавач ќе ја врши се до изборот на нов претседавач на ова Собрание на акционери. ---------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Г- дин Петар Бакиевски констатира дека од увидот во Акционерската книга, добиена во рамки на 48 часа пред одржување на Собранието и во верификуваниот список на присутни акционери, осносно нивни полномошници (прилог Г кон овој нотарски акт) на Собранието се присутни 9 акционери, односно нивни полномошници, кои поседуваат вкупно 125.874 обични акции со право на глас што претставуваат 62,91% од вкупниот број на акции со право на глас, што претставува мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас во Друштвото. Оттаму, потврди дека **потребниот кворум за работа на Собранието е обезбеден** и Собранието може да отпочне со својата работа. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Г- дин Петар Бакиевски ги извести присутните акционери дека записникот за оваа седница на Собранието го води нотар Љупка Караџовска Главинче. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-дин Петар Бакиевски наведе дека треба да се премине на точката 3.1 од процедуралниот дел од дневниот ред и тоа: избор на Претседавач на Собранието на акционери, кој не може да биде од редот на Одборот на директори. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Замоли присутните акционери да дадат предлог за претседавач на денешната седница, на што тој, како полномошник на акционерот Кирил Дудески, предложи да биде претседавач и оваа година. Други предлози не беа дадени. -------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање и присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова Собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: --------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------ **ОДЛУКА** ------------------------------------------------------

------------------------------ **за избор на претседавач** ---------------------------------------------

1. **За претседавач на Годишното собрание на акционери** на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола, што се одржува на 11.08.2025 година, **се избира ПЕТАР БАКИЕВСКИ**. ----------------------------------------------------------------------------------------
2. Мандатот на претседавачот трае до наредното собрание на акционери на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола. ---------------------------------------------------------------------
3. Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето (прилог Д кон овој нотарски акт). ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот се заблагодари на изборот, наведувајќи дека Собранието на акционери е свикано со објавување на Јавен повик во дневниот весник Нова Македонија на 10.07.2025 година, на интернет страната на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола и на интернет страната на Македонска берза. Материјалите на сите акционери им беа достапни во просториите на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола, како и на интернет страната на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола, по што, предложи да се продолжи со изборот на работните тела и да се премине кон точка 3.2. од процедуралниот дел од дневниот ред, и тоа: Избор на 2 (два) бројачи на гласови. Предложи да бидат избрани Николче Ристевски и Сашо Јосифовски. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа дека други предлози не беа дадени, претседавачот го стави предлогот на гласање и присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------- ОДЛУКА ------------------------------------------------------

---------------------------- за избор на бројачи на гласови -----------------------------------------

1. **За бројачи на гласовите** при гласањето на Годишното собрание на акционери на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола, што се одржува на 11.08.2025 година, **се избираат**: -------------------------------------------------------------------------------
   - **Николче Ристевски** и -------------------------------------------------------------------

- **Сашо Јосифовски**. ----------------------------------------------------------------------------

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето (прилог Ѓ кон овој нотарски акт). ----------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот, констатира дека со ова, процедуралниот дел од дневниот ред е веќе исцрпен, и предложи да се премине кон работниот дел, напоменувајќи дека Собранието може да одлучува само за прашања кои согласно закон се уредно ставени на дневен ред. -----------------------------------------------------------------------

Претседавачот го прочита предложениот и објавениот дневен ред за оваа седница, по што го стави на гласање и присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, по што констатира дека **дневниот ред** за оваа седница на собрание **е усвоен**. -------------
----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот предложи да се премине кон разгледување на точките од работниот дел на дневниот ред. -----------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот предложи да се премине кон усвојување на Записникот од седницата на Годишното Собрание на акционери одржано на ден 30.07.2024 година. ------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа дека никој не се јави за збор, и никој од присутните немаше забелешки на овој записник, претседавачот предложи да се донесе одлука за усвојување на записникот, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: --
----------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------- **ОДЛУКА** ---------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------

**СЕ УСВОЈУВА Записникот од седницата на Годишното Собрание на акционери одржано на ден 30.07.2024 година**. -----------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот напомена дека секој присутен акционер согласно член 391-б од Законот за трговските друштва има право да поставува прашања за секоја од точките од дневниот ред на собранието. Друштвото е должно одговорите на прашањата да ги објави на својата интернет страница во форма на прашање-одговор. ----------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------

**ПРВА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон првата точка од работниот дел и тоа: Годишен извештај за работата на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување. ----------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, на што никој не се јави за збор, и расправата ја затвори, по што го стави на гласање предлогот за донесување на Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола за 2024 година, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: -----------------------------------------------------------------------

--------------------------------------- **ОДЛУКА** ---------------------------------------------------

----------------- **за усвојување на Годишниот извештај за работата на** ------------------

----------------- **ЗК „Пелагонија" АД Битола за деловната 2024 година** -----------------
----------------------------------------------------------------------------------------------

**1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работата на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2024 година**. ---------------------------------------------------

**2.** Составен дел на оваа Одлука е Годишниот извештај за работењето на ЗК „Пелагонија" АД Битола за 2024 година. ---------------------------------------------------

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, надлежните органи, материјалите на Собранието на акционери и архивата. ----------

**4.** Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување.(прилог Е кон овој нотарски акт) ---------------------------------------------------------------------------------

**ВТОРА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон втората точка од работниот дел и тоа: годишна сметка и финансиски извештаи на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување. ----------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и расправата ја затвори, по што предложи да се донесе Одлука за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола за 2024 година, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: ---

--------------------------------------------- **ОДЛУКА** ---------------------------------------------------

-------------------------- **за одобрување на Годишната сметка и** ------------------------------

--------------------**финансиските извештаи на ЗК „Пелагонија" АД** ----------------------

-------------------------------------- **за 2024 година** ----------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1 . СЕ ОДОБРУВААТ Годишната сметка и Финансиските извештаи на ЗК "ПЕЛАГОНИЈА" АД Битола за 2024 година**, според следните биланси: --------------

- Биланс на состојбата на ден 31.12.2024 година --------------------------
- Биланс на успехот со состојба на 31.12.2024 година --------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2. Во билансот на состојбата се искажани следните состојби:** ------------

- Вкупна актива ----------------------- **4.658.490.249,00 денари;** ---------
- Вкупна пасива ------------------------ **4.658.490.249,00 денари;** ---------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**3. Во билансот на успехот се утврдуваат:** ------------------------------------------

- Вкупни приходи --------------- **988.720.513,00 денари** --------
- Вкупни расходи ---------------- **993.399.993,00 денари** ----------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4. Добивка за финансиска година :** ------------------------------------------------

- Добивка пред оданочување --------------- **33.451.100,00 денари** -------
- Данок од добивка---------------------------- **1.158.388,00 денари** ---------
- **Нето добивка по оданочување**----------- **32.292.712,00 денари** -------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето. ---------------------

**6.** Примерок од одлуката да се достави до: Надлежните органи каде има потреба, материјалите на Собранието на акционери и архивата на Друштвото. (прилог Ж кон овој нотарски акт) ---------------------------------------------------------------

**ТРЕТА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон третата точка од работниот дел и тоа: Консолидиран годишен извештај за работата на групата Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување. --------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и расправата ја затвори, по што предложи да се донесе Одлука за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работата на групацијата ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола за деловната 2024 година, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: ------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------- **ОДЛУКА** ---------------------------------------------------

------**за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работата на** ------

-------**групацијата ЗК „Пелагонија" АД Битола за деловната 2024 година** ---------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1. СЕ УСВОЈУВА Консолидираниот годишен извештај за работата на групацијата ЗК „Пелагонија" АД - Битола за деловната 2024 година.** --------------

**2.** Составен дел на оваа Одлука е Консолидираниот годишен извештај на групацијата ЗК "Пелагонија" АД - Битола за 2024 година. -----------------------------------

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, надлежните органи, материјалите на Собранието на акционери и архивата. ----------

**4.** Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување. (прилог З кон овој нотарски акт) ------------------------------------------------------------------------------------

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон четвртата точка од работниот дел и тоа: Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на групата Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување. -------------------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и расправата ја затвори, по што предложи да се донесе Одлука за усвојување на Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола за 2024 година, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: ----------------------------------------------------------

--------------------------------------------- **ОДЛУКА** ---------------------------------------------------------
------- **за усвојување на Консолидирана годишна сметка и консолидирани** -------
------ **финансиски извештаи на ЗК „Пелагонија" АД – Битола за 2024 година** -----
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1. СЕ УСВОЈУВА консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на ЗК „Пелагонија" АД – Битола за 2024 година.** ----------

**2.** Составен дел на оваа Одлука е консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на ЗК „Пелагонија" АД – Битола за 2024 година. ------------------------------------------------------------------------------------------------

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, надлежните органи, материјалите на Собранието на акционери и архивата. --------

**4.** Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување. (прилог S кон овој нотарски акт) ---------------------------------------------------------------------------------------

**ПЕТТА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон петтата точка од работниот дел и тоа: Извештај за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување. ------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и расправата ја затвори, по што предложи да се донесе Одлука за усвојување на Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД за 2024 година, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: ------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------- **ОДЛУКА** ---------------------------------------------------------
-----------------**за усвојување на Извештајот за извршената ревизија** ------------------
---------------------**на годишната сметка, финансиските извештаи** -----------------------
------ **и годишниот извештај на ЗК „Пелагонија" АД Битола за 2024 година** -----

**1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК „Пелагонија" АД Битола, за 2024 година**, извршена од Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје.-------------------------------------------------------------------------------------------

**2.** Составен дел на оваа одлука е Извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК „Пелагонија" АД – Битола, за 2024 година. --------------------------------------------------

**3.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето. ------------------------------

**4.** Примерок од Одлуката да се достави до : Одборот на директори на ЗК „Пелагонија" АД Битола, Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје, секторот за економско финансиски работи, извршниот директор, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото. (прилог И кон овој нотарски акт) ---------------

**ШЕСТА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон шестата точка од работниот дел и тоа: Извештај за извршената ревизија на Консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување. -----

Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и расправата ја затвори, по што предложи да се донесе Одлука за усвојување на Извештајот за извршената ревизија на консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола за 2024 година, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: -----------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------------------ ОДЛУКА ------------------------------------------------------**

**-------------- за усвојување на Извештајот за извршената ревизија --------------------**

**-----на консолидираната годишната сметка, консолидираните финансиски ------**

**---------- извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата -----------------**

**------------------------ ЗК „Пелагонија" АД Битола за 2024 година ----------------------------**

**1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за извршената ревизија на консолидираната Годишната сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата ЗК „Пелагонија" АД Битола за 2024 година**, извршена од Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје. --

**2.** Составен дел на оваа одлука е Извештајот за извршената ревизија на консолидираната Годишната сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата ЗК „Пелагонија" АД – Битола, за 2024 година. -----------------------------------------------------------------------------------------

**3.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето. ----------------------------------

**4.** Примерок од Одлуката да се достави до : Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД Битола, Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДООЕЛ Скопје, секторот за економско финансиски работи, извршниот директор, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото. (прилог Ј кон овој нотарски акт) ----------------

**СЕДМА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон седмата точка од работниот дел и тоа: Извештај за работата на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола и одлучување за одобрување на работата на истиот за деловната 2024 година, со Предлог- одлука за усвојување. ---------------------------------------------------------------

Претседавачот напомена дека ќе се гласа одделно за одобрување на работата на секој член од Одборот на директори поединечно и за сите членови заедно. Претседавачот отвори расправа и бидејќи никој не се јави за збор, ја затвори расправата. ------------------------------------------------------------------------------------------

Се пристапи кон поединечно гласање. По спроведеното поединечно гласање сите членови на Одборот на директори и тоа: Цветан Панделески, Весна Белешовска Бунтеска, Александар Георгиев, Анета Ѓоргиев и Селаудин Арифи добија по ист број на гласови, секој од нив по 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН. По спроведеното гласање и по целокупниот текст на одлуката, одлуката го доби истиот број на гласови, што ќе рече 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, од што се констатира дека е донесена следната: --------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------------------ ОДЛУКА ----------------------------------------------------**

**------------- за одобрување на работата на Одборот на директори на --------------**

**---------------------------------- ЗК „Пелагонија" АД Битола -----------------------------------------**

**------------------------------------------ за 2024 година ----------------------------------------------**

**1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Одборот на директори на ЗК „Пелагонија" АД Битола за 2024 година.** ------------------------------------------------------------

**2. СЕ ОДОБРУВА работата за 2024 година на следните членови на Одборот на директори на ЗК „Пелагонија" АД Битола**: ----------------------------------------------------

1. Цветан Панделески - претседател на Одборот на директори (за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година), -----------------------------------------------------
2. Весна Белешовска Бунтеска - извршен член на Одборот на директори (за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година), --------------------------------------------------

3. Александар Георгиев - неизвршен член на Одборот на директори (за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година), ------------------------------------------
4. Анета Ѓоргиев - неизвршен член на Одборот на директори (за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година) и ----------------------------------------------------
5. Селаудин Арифи - неизвршен член на Одборот на директори (за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година). ----------------------------------------------

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото. ---------------------------------------

**4.** Оваа одлука стапува во сила со нејзиното донесување. (прилог К кон овој нотарски акт) ------------------------------------------------------------------------------------------

**ОСМА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон осмата точка од работниот дел и тоа: Предлог- Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за 2024 година. ----------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и расправата ја затвори, по што предложи да се донесе Одлука за распоредување на остварената добивка по годишната сметка за 2024 година на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: --

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**---------------------------------------------- ОДЛУКА ----------------------------------------------**

**----- за распоредување на остварената добивка по годишната сметка за ---------**

**-------------------- 2024 година на ЗК „Пелагонија" АД – Битола ---------------------------**

**----------------------------------------------Член 1 ----------------------------------------------------**

Остварената нето добивка по годишната сметка на ЗК „Пелагонија" АД – Битола за 2024 година, која по оданочувањето изнесува **32.292.712,00 денари, се распределува во реинвестирана добивка.** --------------------------------------------------

**----------------------------------------------Член 2 ----------------------------------------------------**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето. ------------------------------------

**----------------------------------------------Член 3 ----------------------------------------------------**

Примерок од одлуката да се достави до: надлежните органи каде има потреба, финансиско сметководствениот сектор на Друштвото, материјалите на Собранието на акционери и архивата на Друштвото. (прилог Л кон овој нотарски акт) --------------

**ДЕВЕТТА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон деветтата точка од работниот дел и тоа: Донесување одлука за назначување на ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола за 2025 година, со Предлог- одлука за усвојување. ------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и расправата ја затвори, по што предложи да се донесе Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола за 2025 година, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: ----------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**---------------------------------------------- ОДЛУКА ----------------------------------------------**

**---------------------- за назначување овластен ревизор за ревизија --------------------**

**------------------- на годишната сметка и финансиските извештаи на ------------------**

**------------------------ ЗК „Пелагонија" АД Битола за 2025 година -------------------------**

**1. За овластен ревизор** на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2025 година, **СЕ ОПРЕДЕЛУВА Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје.** ---------------------------------------

**2.** Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје има задача да изврши ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК „Пелагонија" АД Битола за 2025 година согласно законските прописи, а потоа да поднесе писмен извештај за резултатите од испитувањето. ---------------------------------------------------

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Одборот на директори на ЗК „Пелагонија" АД Битола, Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје, секторот за финансиско сметководствени работи, извршниот директор, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото. (прилог Љ кон овој нотарски акт) -----------------------------------------------------------------------------------

**ДЕСЕТТА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон десеттата точка од работниот дел и тоа: Предлог- одлука за стекнување сопствени акции. -----------------

За појаснување, согласно Законот за трговските друштва и Статутот на ЗК Пелагонија АД Битола со ваквата предлог одлука се предлага Собранието на акционери да одобри стекнување на сопствени акции од страна на ЗК Пелагонија АД Битола со откуп и тоа најмногу 1/10 од основната главнина на друштвото, вклучувајќи ги и досега откупените сопствени акции. Со оваа одлука се предлага откупот да се врши по пазарни, односно берзански цени и откупот на сопствените акции може да се врши во време кое што не може да биде подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука, за што повторно се донесува одлука, согласно оваа одлука од Собранието, со која само ќе се даде овластување за Одборот на директори да донесе во идинина одлука за стекнување на сопствени акции доколку оцени дека за тоа има потреба. ------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и расправата ја затвори, по што предложи да се донесе Одлука за стекнување со сопствени акции со откуп, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: ------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------- **ОДЛУКА** ---------------------------------------------------

-------------------- **За стекнување со сопствени акции со откуп** -------------------------

---------------------------------------------**Член 1** ------------------------------------------------------

**Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп** на најмногу една десетина од основната главнина на Земјоделскиот комбинат Пелагонија Акционерско друштво - Битола, вклучувајки ги и досега откупените сопствени акции кои ги поседува ЗК Пелагонија ад Битола. ----------------------------------------------

---------------------------------------------**Член 2** ------------------------------------------------------

Откупот на сопствените акции ќе се врши по пазарни односно берзански цени. ------

---------------------------------------------**Член 3** ------------------------------------------------------

Откупот на сопствени акции од точка 1 на оваа Одлука ќе се изврши во време коешто не може да биде подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на Одлуката. ---------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------**Член 4** ------------------------------------------------------

Правата од стекнатите сопствени акции мируваат. -----------------------------------------

---------------------------------------------**Член 5** ------------------------------------------------------

Се овластува извршниот директор да донесе Одлука за назначување на лице овластено во име на Друштвото да ги презема и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонската берза за долгорочни хартии од вредност. -----------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------**Член 6** ------------------------------------------------------

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување. (прилог М кон овој нотарски акт) -------------------------------------------------------------------------------

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон единаесеттата точка од работниот дел и тоа: Предлог- одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции. -------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и расправата ја затвори, по што предложи да се донесе Одлука за одобрување продажба (отуѓување) на сопствени акции од основачката емисија, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: -------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------- **ОДЛУКА** ---------------------------------------------------

-------- **за одобрување продажба (отуѓување) на сопствени акции** --------------------

----------------------------------- **од основачката емисија** -------------------------------------------------
-----------------------------------------------**Член 1** -----------------------------------------------------

**Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола, ОДОБРУВА продажба (оттуѓување) на 2.803 сопствени акции** издадени од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола со седиште на ул.Новачки пат бр. 11 во Битола. ------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**Член 2** -----------------------------------------------------

Сопствените акции од член 1 на оваа одлука се обични акции од основачката емисија издадени од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола и претставуваат 1,12% од основната главнина на Друштвото. ----------------------------------

Номиналната вредност на една обична акција издадена од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола е 70,213139 ЕВРА. ------------------------------------------

-----------------------------------------------**Член 3** -----------------------------------------------------

Продажбата (оттуѓувањето) на сопствените акции од член 1 на оваа одлука ќе се изврши согласно одредбите од Законот за трговските друштва и одредбите од Законот за хартии од вредност и подзаконските акти што ја регулираат оваа материја. ------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**Член 4** -----------------------------------------------------

Продажбата (оттуѓувањето) на сопствените акции од член 1 на оваа одлука ќе се врши по минимална цена која не може да биде пониска од берзанската цена што ќе важи на денот на запишувањето на акциите. ------------------------------------------------

-----------------------------------------------**Член 5** -----------------------------------------------------

Сопствените акции што се предмет на продажба согласно оваа одлука се стекнати согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност. ------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**Член 6** -----------------------------------------------------

Целта поради кои се продаваат (оттуѓуваат) акциите од член 1 на оваа одлука е одржување стабилноста и ликвидноста на Друштвото и усогласување со законските одредби. ------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**Член 7** -----------------------------------------------------

Купувачите на понудените сопствени акции од оваа одлука ги стекнуваат правата на иматели на обични акции и тоа право на глас во Собранието на Друштвото, право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото, согласно Законот за трговските друштва, Законот за хартии од вредност и Статутот на Друштвото. ----------------------------------------------------------------------------------------

Правата од став 1 на овој член купувачите на понудените сопствени акции од оваа одлука ги стекнуваат со денот на уписот во Централниот депозитар на хартии од вредност ад Скопје. ------------------------------------------------------------------------------

Запишаните и уплатени хартии од вредност по истекот на рокот за запишување и уплата, веднаш ќе бидат предадени за регистрирање во Централниот Депозитар за хартии од вредност ад Скопје. ------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**Член 8** -----------------------------------------------------

Секоја акција стекната од купувачите на понудените сопствени акции, дава право на еден глас во Собранието на Друштвото со денот на уписот во Централниот Депозитар за хартии од вредност ад Скопје. --------------------------------------------

Начинот на исплата на дивидендата на обичните акции се врши согласно Закон и Статутот на Друштвото, а според дивиденден календар согласно Закон и Статутот на Друштвото. ------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------**Член 9** -----------------------------------------------------

**Се овластува** Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, врз основа на оваа одлука да донесе своја Одлука за продажба на сопствените акции во која поблиску ќе биде определен начинот, условите и другите елементи на продажбата на сопствените акции согласно одредбите од Законот за хартии од вредност и подзаконските акти што ја регулираат оваа материја, како и да донесува други акти и да ги презема сите потребни дејствија, активности и податоци согласно Законот за хартии од вредност и подзаконските акти што ја регулираат оваа материја за реализација на оваа Одлука и по потреба заради спроведување на оваа одлука да донесува и други свои одлуки согласно оваа Одлука. ------------------------------------------------------

-----------------------------------------------Член 10 ----------------------------------------------------------
Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а реализацијата на правната работа од оваа одлука, односно спроведувањето на постапката за продажба на сопствените акции, ќе отпочне по симнување на ограничувањата. (прилог Н кон овој нотарски акт) ---------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон дванаесеттата точка од работниот дел и тоа: Предлог- одлука за реизбор и продолжување на мандатот на членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола. ---------------------------------------------
Претседавачот напомена дека ќе се гласа одделно за реизборот и продолжување на мандатот на секој член од Одборот на директори поединчено и за сите членови заедно. Претседавачот отвори расправа и бидејќи никој не се јави за збор, ја затвори расправата. ----------------------------------------------------------------------------------------
Се пристапи кон поединечно гласање. По спроведеното поединечно гласање сите членови на Одборот на директори и тоа: Цветан Панделески, Весна Белешовска Бунтеска, Александар Георгиев, Анета Ѓоргиев и Селаудин Арифи добија по ист број на гласови, секој од нив по 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН. По спроведеното гласање и по целокупниот текст на одлуката, одлуката го доби истиот број на гласови, што ќе рече 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, од што се констатира дека е донесена следната: ----------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------- **ОДЛУКА** -----------------------------------------------------
**---- за реизбор и продолжување на мандатот на членовите на Одборот на --------- директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола ----------**
1. **СЕ ВРШИ ПОВТОРЕН ИЗБОР И СЕ ПРОДОЛЖУВА МАНДАТОТ** на членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат Пелагонија АД Битола и тоа:-
**- Цветан Панделески од Охрид, економист, државјанин на Р. С. Македонија, ---**
**- Весна Белешовска Бунтеска од Скопје, дипломиран економист, државјанин на Р. С. Македонија,** -----------------------------------------------------------------------------
**- Александар Георгиев од Скопје, дипломиран криминалист, магистер по безбедност и безбедносни науки, државјанин на Р. С. Македонија,** -----------------
**- Анета Ѓоргиев од Битола, економист, државјанин на Р. С. Македонија.** ----------
2. На членовите на Одборот на директори наведени во точка 1 на оваа Одлука, мандатот и функцијата членови на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола им трае четири години, односно до нивното отповикување. ----------------------------------------------------------------------------------------
3. Членовите на Одборот на директори имаат право на месечен паушал, и тоа: -----
- претседателот на Одборот на директори има право на месечен паушал во нето износ од 2.000,00 евра во денарска противвредност по средниот курсна НБРСМ што ќе важи на денот на исплатите; -------------------------------------------------------------
- другите неизвршни членови на Одборот на директори, имаат прво на месечен паушал во нето износ од 1.000,00 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ што ќе важи на денот на исплатите, ------------------------------------------
- право на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција, за што одлука донесува Одборот на директори. -----------------------------------------------------------------------
4. Средствата што се исплатуваат на членовите на Одборот на директори се трошоци на работењето на Друштвото. ---------------------------------------------------------
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето. --------------------------------
6. СЕ ОВЛАСТУВА Извршниот директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола да овласти регистрационен агент преку кој ќе поднесе пријава за упис на изборот на членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и да ги преземе сите други активности и постапки за реализација на оваа Одлука. --------------------------------------

7. Примерок од одлуката да се достави до: Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија, членовите на Одборот на директори, материјалите на Собранието на акционери и архивата на Друштвото. (прилог Њ кон овој нотарски акт) ------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА**: Претседавачот предложи да се премине кон тринаесеттата точка од работниот дел и тоа: Предлог- одлука за отповикување и избор на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола. ----------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и расправата ја затвори, по што предложи да се донесе Одлука за отповикување и избор на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола, па присутните акционери со 125.874 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната: ------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------------------ ОДЛУКА ------------------------------------------------**

**---------- за отповикување и избор на член на Одборот на директори**
**----------------- на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола -----------------**

1. **СЕ ОТПОВИКУВА** членот на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола и тоа: ---------------------------------------------------------------
- **Селаудин Арифи од Кичево, економист, државјанин на Р. С. Македонија**. -----
2. За неизвршен и независен член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат Пелагонија АД Битола **СЕ ИЗБИРА И НАЗНАЧУВА**: ----------------------------
- **Јове Кекеновски од Скопје, дипломиран правник, доктор на политички науки, државјанин на Р.С. Македонија**, со мандат од четири години, односно до неговото отповикување. --------------------------------------------------------------------------------
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето. --------------------------------
4. СЕ ОВЛАСТУВА Извршниот директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола да поднесе пријава за упис на престанот на мандатот на и изборот на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и да ги преземе сите други активности и постапки за реализација на оваа Одлука. ---------------------------------------------------------
5. Примерок од одлуката да се достави до: Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија, членовите на Одборот на директори, материјалите на Собранието на акционери и архивата на Друштвото.(прилог О кон овој нотарски акт) ----------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Откако се исцрпи дневниот ред, Претседавачот им се заблагодари на присутните акционери и седницата на Годишното собрание на акционери на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола ја прогласи за затворена во 12:45 часот. ----------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Јас, **нотар Љупка Караџовска Главинче** за подрачјето на Основен суд Битола **ПОТВРДУВАМ** дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на собранието. Претседавачот со акционерското собрание, г- дин Петар Бакиевски го потпиша записникот и списокот на присутни акционери и изјави дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случуваа на седницата на Собранието. ---------------------------------------------------------------
Овој акт е составен лично од нотарот и се состои од 13 листови на 13 страни. -------
Изворникот останува кај нотарот, а на учесникот му се издаваат два примероци (изводи) од Записникот. -------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Согласно Законот за нотаријат (Сл. весник на РМ 72/16, 142/16 и 233/18), при составување на овој нотарски акт, не е потребно присуство на сведоци, а нотарот и учесникот тоа не го побараа. --------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Учесникот изрично изјавува и се согласува, нотар Љупка Караџовска Главинче, сама, без нејзино присуство, а согласно член 42 став 2 од Законот за нотаријат, да

изврши исправки на јазични и технички грешки во овој Записник, а со посебна писмена исправка, која што ќе биде составен дел на овој Записник и истата нотарот ќе ја достави до учесникот. ------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарската такса согласно тарифен број 10 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријат во износ од 500,00 денари е наплатена и поништена на примерокот кој останува во мојата архива. -----------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарската награда е пресметана во износ од 14.000,00 денари, врз основа на член 41 став 1 алинеја г, во врска со член 54 став 1 од Нотарската тарифа и трошоци во износ од 780,00 денари, врз основа на член 52 од Нотарската тарифа.-
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
ОДУ бр. 242/2025-------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Во Битола, 11.08.2025 година-ден единаесетти, месец август, две илјади дваесет и петта година ------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач
Петар Бакиевски
С.Р.
-----------------------------------------------------------------------

**НОТАР**
**ЉУПКА КАРАЏОВСКА ГЛАВИНЧЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд Битола НОТАР ЉУПКА КАРАЏОВСКА ГЛАВИНЧЕ БИТОЛА

Јас НОТАР ЉУПКА КАРАЏОВСКА ГЛАВИНЧЕ
ул.Филип Втори Македонски бр. 13/3, Битола

Потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој е прв извод - потполн – во извадок, кон кого не се приложени – се приложени ___ ___ преписи од прилогот на нотарската исправа.
Број: ОДУ 242/ 25 НОТАР
Во Битола 11.08.2025 година ____________
(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ЉУПКА КАРАЏОВСКА
ГЛАДНИЧЕ
БИТОЛА